НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОПШТЕСТВО

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2018

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и член 25 од Законот за основно образование („ Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), министерот за образование и наука донесе ревидирана Наставна програма по општество за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

## 1. ВОВЕД

Според наставниот план за деветгодишното основно образование за учебната 2017/18 година, наставниот предмет Општество се изучува од I до V одделение. Наставната програма по општество во IV одделение опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја: географија, социологија, историја, етнологија, психологија, економија, политика, етика и сл. Наставната програма по општество за IV одделение се надградува на целите, содржините и активностите од наставниот предмет општество за I, II и III одделение.

Предметот општество во IV одделение е задолжителен со по 2 часа неделно, односно по 72 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ВО IV И V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се поттикнува да усвојува знаење за општествената и природната околина;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да се воведува да ги анализира и објаснува појавите коишто се поврзани со заедничкото живеење, проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да сознава дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува на самостојност и за развивање на самодоверба и одговорност;
- да се запознава со вредностите на својата култура и особеностите на другите култури;
- да развива чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за:

- *комуницирање* (читање, пишување, изнесување свое мислење, истражување, избирање, вреднување, толкување на информациите, споредување на мислења, слушање и сл.);
- *истражување* (планирање, набљудување, класифицирање, анкетирање, уредување, споредување, користење на извори, изработка на извештаи и сл.);
- *соработка со другите* (преземање улога на другите, одговорност, учество во групна работа, разбирање за другите, примање и почитување на другите, почитување на традициите и културата, грижа за другите и сл.).

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и пошироката околина со животот во минатото;
- да развива свест за припадност кон семејството, општината и кон Република Македонија;
- да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето и меѓусебната поддршка во заедницата;
- да се запознава со културата како специфична карактеристика на секојдневниот живот на човекот;
- да ги проширува своите знаења за различните начини на информирање и да се оспособува да ги користи медиумите и Интернетот за истражување и збогатување на своите знаења;
- да ја развие просторната ориентација на географската карта за крајот во кој живее и пошироката околина, односно општината;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да познава примери од македонската културна традиција, како и од традициите и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да развива чувство на почит кон културното наследство и традициите во локалната заедница;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина (општината);
- да усвојува елементарни знаења за општествениот живот во локалната заедница.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: **Семејство, домаќинство и општество** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги проширува сознанијата за семејството како заедница; | Семеен живот | Семејство<br>Роднини | - Разговори за роднините и нивната заемна поврзаност (дијалошки метод). |
| - да умее да разликува различни видови семејства; | Видови семејства<br>Семејствата низ историјата и денес | Потесно и пошироко семејство, дом семејство | - Дискусија за различни видови семејства (потесно семејство, пошироко семејство - семејство со повеќе членови, семејство со еден родител, дом семејство...).<br>- Разговор со цел согледување на заедничките вредности во различните видови семејства (пример: поддршка, соработка, почитување, договарање и сл.).<br>- Изработка на родово стебло. |
| - да ја осознае поврзаноста на семејниот живот и активностите во него со другите активности на луѓето; | Улогите на родителите, старателите и децата | Улога, воспитување, старател | - Разговори за домашните активности, омиленото катче во домот.<br>- Проектна наставна работа-есеј:„Мојот родител/Мојот старател“.<br>- Дискусија: Активностите во домот во текот на денот.<br>- Играње на улоги: родители/старатели, деца.<br>- Опишување на правата и должностите на родителите/старателите и децата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Истражување за денот на мајката, таткото, бабата, дедото, детето во различни средини. |
| -да усвои основни знаења за бракот како семејна заедница; | Брачен живот и брачни улоги | Брак, љубов, Сопружници-сопруг/а | - Работа во парови: Како луѓето стапуваат во брак.<br>- Разговор во врска со избегнување родови стереотипи во семејството.<br>-Разговор за тоа дека постојат различни видови семејни заедници. |
| - да ги продлабочи знаењата за домот и редот во домаќинството;<br>- да се поттикнува да ја разбере улогата и активностите кои ги извршуваат членовите на домаќинството; | Живот во домаќинството | Дом, домаќинство | - Дискусија на тема: Мојот дом, Моето катче во домот и сл.<br>- Играње улоги на различни членови на семејството.<br>-„Моите активности во домот“.<br>- Разговор за поделбата на обврските во домот |
| - да ги осознае карактеристиките на различните видови семејства и домаќинства; | Домаќинството и општеството | | - Планирање на домашниот буџет.<br>- Кога и зошто ја трошам личната заштеда? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја осознае разликата помеѓу приватноста и јавноста; | Сопственост | Лична сопственост<br>Заедничка сопственост<br>Приватност | - Активност: Јас одлучувам за своите тајни.<br>- Работа во парови: Лична сопственост и заедничка (групна) сопственост. |
| - да ја увиди својата поврзаност со општеството преку различните начини на информирање. | Начини на информирање | Интернет<br>Дневни весници, радио, телевизија | - Читање списанија, следење радио или документарна ТВ - емисија, извлекување основни информации и разговор за нив.<br>- Истражување: Позитивната и негативната страна од користењето весници, радио, телевизија и Интернет. |

| Тема II: **Живеалишта и населби** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ја осознае функцијата на живеалиштата на луѓето и потребата од грижата за нив; | Видови живеалишта и нивното одржување | Стан/куќа/ станбена зграда/ дом за деца без родители<br>Куќен совет | - Го илустрира или го изработува своето живеалиште. |
| - да го разбира значењето на соседите во животот;<br>- да се поттикнува и воспитува за добрососедски односи;<br>- да ги почитува правилата на соживот и почитување на соседите и пријателите; | Соседство и соседски односи | Соседство, маала, другарство, солидарност, пристојност, гостољубивост | - Опис на соседството<br>- Играње на улоги: Добрососедски односи и културно однесување во живеалиштата. |
| - да ги препознава и користи институциите во населбата;<br>- да ја осознае намената на јавниот простор и соодветно да се однесува на јавно место; | Населбите и институциите во нив | Институции, месна заедница<br>Јавно место | - Посета на некоја институција во непосредната околина и разговор со вработените. |
| - да го познава релјефот на населбата и околината; | Природните | Релјеф<br>Географска | - Изработка на релјеф на непосредната околина. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знае да ги определува страните на светот во населените места (картографско описменување);<br>- да усвои знаења за ориентација и читање на географска карта на Република Македонија; | фактори и животот во населбата | карта<br>Картографски бои | -Разгледува релјефна карта на Република Македонија и го наоѓа своето место и непосредното опкружување.<br>- Го наоѓа своето место на живеење на географска карта на Република Македонија.<br>-Вежби за читање на картографски знаци, објаснување на значењето на картографските бои. |
| - да ги препознава основните проблеми во населбата. | Проблемите во мојата населба | Станари/жители, загаденост, бучава, сообраќајни проблеми | - Индивидуално и групно истражување за проблемите во населбата.<br>- Разговор за проблемите со кои се соочуваат жителите во населбата и можностите за нивно решавање, посебно проблемите во интерес на децата. |

| Тема III: **Општина** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со основните карактеристики на локалната заедница и локалната самоуправа;<br>- да се запознава со организацијата на општините како локални заедници;<br>- да ги препознава главните органи и симболите на локалната заедница;<br>- да развива чувство на одговорност кон себе и другите;<br>- да се запознава со поимот демократија;<br>- да ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето;<br>- да ја сфаќа улогата на лидерството; | Локална заедница и локална самоуправа<br><br>Демократскиот живот во општината | Локална заедница<br>Локална самоуправа<br>Општина<br>Градоначалник<br>Совет на општината<br>Демократија<br>Власт и управување<br>Лидерство | - Посета на седиштето на локалната заедница.<br>- Разговор со претставници на општината.<br>- Изработка или цртање на општинските симболи.<br>- Симулација на избори за градоначалник (играње на улоги).<br>- Посета на советот на општината. |
| - да се запознае со некои стопански и нестопански дејности во локалната заедница;<br>- да се запознава со комуналните дејности во локалната заедница; | Економскиот живот во општината | Фирми/ претпријатија<br>Работа/ вработување, денари, трговија | - Посета на некоја фабрика, претпријатие и сл.<br>-Разговор со учениците за тоа каде работат нивните родители/старатели. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја сфаќа улогата на институциите на културата во животот на локалната заедница;<br>- да ги познава културните институции (домови на културата, кина, театри, КУД, верски објекти);<br>- да се поттикнува да ги негува традициите во локалната заедница; | Културниот живот во општината | Култура<br>Симболи<br>Традиција | - Разговор за улогата и намената на културните институции во локалната заедница и разговор за традициите кои се негуваат во истата.<br>- Културни манифестации во локалната заедница - проектна активност.<br>- Опишување на некоја традиција што припаѓа на својата или друга култура.<br>- Разговор за сличностите во традициите на различните култури.<br>- Истражувачки активности за традиционални јадења, облека, празници, прослави. |
| - да ги препознава најзначајните јавни прашања и проблеми во општината;<br>- да стекне сознанија за начините на поставување и решавање на јавните прашања.<br>- да развива чувство на одговорност кон јавните потреби и прашања. | Јавни прашања и проблеми во општината | Јавно прашање<br>Социјални проблеми<br>Насилство | - Изработка на Т-табела со воочување на јавните проблеми и предлози за нивно разрешување во општината.<br>- Пишување писмо до градоначалникот за потребите и проблемите на учениците во паралелката или училиштето. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Препораки за користење на годишниот фонд на часови – 72 часа годишно, 2 часа неделно.
- По наставни теми се предлага: Семејство, домаќинство и општество – 20 часа, Живеалишта и населби – 24 часа, Општина – 28 часа.

*Препораки за наставните средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење од непосредната околина –семејство, населба, блиската околина и општината и општеството во целина;
- енциклопедии, речници, релјефна карта на Република Македонија, географска карта на Република Македонија , печатени материјали од општината и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства (дигитална камера, телевизор, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

Важно е наставниот процес да биде заснован:

- на секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
- на холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- на насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;
- на поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците.

За постигнување на целите треба да се користат соодветни наставни форми: заедничка, индивидуална работа, работа во парови и групна работа.

Во разработката на наставните содржини соодветно треба да се користат следниве методи и активности: проектна настава, проблемска настава, посети и разговори, играње на улоги, усна и писмена презентација и сл.
Се препорачуваат, исто така, посети на објекти и институции надвор од училиштето.
Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

Особено е важно наставникот при планирање и реализација на содржините да ги има предвид индивидуалните можности, особености и интереси на учениците. Поради чувствителноста на темата „Семејство, домаќинство и општество" наставникот треба внимателно да ги одбира активностите за учениците, а доколку има ученици кои од лични причини не сакаат да учествуваат во некои активности, за нив треба да испланира и предложи други активности, а согласно тоа материјали и средства.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот/ученичката -дијагностичко оценување.

Начини на проверување и оценување:
- опсервација на ученикот/ученичката;
- разговор како начин на изразување;
- мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;
- водење на развојно и аналитичко портфолио за секој ученик/ученичка;
- користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај, наставни листови за проверка на усвоените знаења;

-детски изработки поединечни, групни.

Постигањата на учениците се оценуваат со описни и бројчани оценки.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по општество во IV одделение може да ја изведува:

- дипломиран професор за одделенска настава,VII/1 или 240 ЕКТС;
- дипломиран педагог, VII/1 или 240 ЕКТС.

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Ревидираната Наставна програма по општество за IV одделение е изработена врз основа на Наставната програма по општество за IV одделение донесена  од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4075/1 од 22.05.2008 година.

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Ревидираната наставна програма по општество за четврто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 12-2929/2

на ден 6.3.2018
Скопје

Министер
________________
проф. д-р Рената Дескоска

Изготвил: работна група со задолжение бр. 09-349/2 од 20.2.2018 година
Контролирал: Ванчо Петрушевски, в.д заменик директор
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор